

## ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА МАКЕДОНЦИ ОД ЕГЕЈСКА И ПИРИНСКА МАКЕДОНИЈА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“

**Стефан Влахов Мицов е универзитетски професор, историчар, писател, публицист и бранител на Македонците во етничка Македонија и насекаде по светот. Тој е автор на богат научно-истражувачки опус. Негови најзначајни дела се: „Филозофскиот клуч за македонскиот идентитет“, ,„Држава – како се гради и брани“, „Балканска психологија – државници и марионети“, „Творечки дострели во македонски дух“, „Филозофија на балканскиот пекол“ и најновото негово дело „Македонска национална програма“**

Стефан Влахов Мицов е историчар и авторот кој пишува за македонската историја и за вредностите создавани низ вековите. Тој е вљубеник во Македонија и ги брани интересите и правата на Македонците насекаде по светот, особено на Македонците во пиринскиот дел на Македонија. Тоа го прави со пишувањето на колумни и други текстови од историјата на македонскиот народ во македонското гласило „Народна волја“, весник кој се печати во Благоевград (Горна Џумаја), во пиринскиот дел на Македонија.

Инаку „Народна волја“ е македонски весник за теорија, историја, култура и уметност. Тој е единствениот македонски весник во пиринскиот дел на Македонија, и воопшто, во Бугарија. Весникот „Народна волја“ излегува еднаш месечно и се печати двојазично, на македонски и на бугарски јазик.

Првиот број на „Народна волја“ излегол на 1 октомври 1980 година во Сиднеј, Австралија. Како негови основачи се јавуваат повеќемина македонски емигранти, претежно од пиринскиот дел на Македонија. Името „Народна волја“ е земено во спомен на истоимениот весник, издаван во почетокот на XX век од Јане Сандански и неговите приврзаници - санданистите.

За прв главен уредник на новата „Народна волја“ беше избран Александар Христов (1929 - 2005). Поради неговото враќање во Лондон, заедно со него се преселува и седиштето на редакцијата, па долги години потоа весникот излегува во Англија.



Габрово


НАРОДНА
ВОЛЈА
"Македонија има свои интереси и своја политика. Тие им припаѓаат на сите Македонци. Оној што сака да работи на присоединув
Македонците кон Бугарија, Србија, или Грција, тој може да се смета за добар Бугарин, Грк, или Србин, но не и за добар Македонец." - ГОЦ
МАКЕДОНСКИ ВЕСНИК ЗА ТЕОРИЈА, ИСТОРИЈА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ




Стефан Влахов – Мицов
МАКЕДОНСКА НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА
матица




[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**